РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јуни 2023 година

Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020, и 65/2021) ), одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 42/20 и 294/21), член 24 и член 35 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.122/20) Уставниот суд на Република Северна Македонија, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ ВО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот што се користи за обработување на личните податоци од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судот).

## Член 2

Хартиените документи во кои се содржани лични податоци во пишана форма, по истекот на рокот определен за нивно чување, а согласно позитивните законски прописи од областа на канцелариското и архивското работење, се уништуваат од комисија определена од страна на Секретарот на Судот.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат со ситнење со помош на уред за ситнење ( шредер), така што тие повторно не можат да бидат употребливи.

При уништување на документите од став 1 на овој член, комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат, како и за категориите на лични податоци содржани во нив.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копиите на умножените документи.

Член 3

При пренесување на личните податоци од медиумот или по истекот на определен рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што повторно не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

Уништувањето, бришењето односно чистењето на медиумот од ставовите 2 и 3 на овој член се врши од страна на комисија определена од страна на Секретарот на Судот.

За случаите од ставовите 2 и 3 на овој член комисиски се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на него.

Член 4

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување и истиот ќе биде објавен на веб страната на Судот.

Су.бр. 729/23
27 јуни 2023 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија,
Добрила Кацарска